# Говор на Драган Тевдовски, министер за финансии на Република Северна Македонија, на 12-та Конференција за плаќања и пазарна инфраструктура: Отворени врати за менување на платежниот пејзаж, 3-5 јуни 2019 година, Охрид, Северна Македонија

Почитувана гувернерке на Народната банка Анита Ангеловска-Бежоска,

Почитуван министер за информатичко општество и администрација г-дин Дамјан Манчевски,

Почитувани претставници на Европската комисија и Европската централна банка,

Почитувани присутни,

Задоволство ми е што учествувам на дванаесетата Конференцијата за плаќања и пазарна инфраструктура во организација на Народната банка. Благодарност до организаторите кои го поместија моето обраќање за вториот ден од Конференцијата. Имено, како дел од тимот кој ги прави последните чекори за членство на земјава во НАТО, вчера присуствував на заедничкиот состанок на Комитетот за интеграција со генералниот секретар Столтенберг и Северноатланскиот совет. Со Народната банка имаме одлична соработка, а исто така темата на конференцијата е важна и интересна.

Темата на годинешната конференција е „Отворени врати за менување  на платежниот пејзаж". Живееме во време на ФинТек, кога светот е насочен кон нови решенија за безготовински плаќања, како користење на face-recognition и мобилни телефони. Треба да ги следиме овие трендови и да додадеме боја на платното на платежниот пејзаж во Република Северна Македонија. ФинТек и иновативноста во услугите ќе донесат повеќекратен бенефит за сите. На корисниците ќе им се дадат нови решенија, кои ќе одговорат на нивните потреби и ќе значат помали трошоци. Понатаму, со проширување на палетата на платежни услуги се проширува и „безготовинската околина", која е најдобар сојузник во борбата против сивата економија.

За таа цел, Министерството за финансии заедно со Народната банка направи нов Закон за платежни услуги и платни системи, кој е во работна верзија. Тој ќе овозможи либерализација на пазарот на платежни услуги и влез на небанкарски институции, како платежни институции и институции за електронски пари.

Заради привлекување на компаниите, пред се оние од ИКТ индустријата, Законот овозможува и олеснет пристап на пазарот. Предвидено е платежните институции кои ќе бидат ангажирани со ограничен вид и обем на активности, да се основаат со капитал од 1,3 милиони денари, наместо со 7,8 милиони денари, како што е досега.

Законот за платежни услуги и платни системи ќе биде првиот чекор кон менување на платежниот пејзаж. Бизнис зедницата, особено ФинТек компаниите се оние кои треба да воведат нови, иновативни начини на плаќање - лесно достапни и со помали трошоци. Со либерализација на пазарот ќе се зголеми и конкуренцијата со што ќе се стимулираат банките и другите финансиски институции да бидат поактивни во примената на технолошките иновации во финансискиот сектор. Во оваа прилика би

сакал да ги повикам сите учесници на пазарот, постојни и идни, да ги користат искуствата на балтичките земји кои во период од само неколку години станаа лидери во ФинТек секторот. Ова секако се однесува и на регулаторите, како Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Народната банка на Република Северна Македонија. За да се применат технолошките иновации во финансискиот сектор мораме да направиме исчекор во примената на електронскиот потпис и да овозможиме инстант плаќање 24/7.

Законот за платежни услуги ја отвора и вратата за финансиска инклузија. Имено,  се воведува платежна сметка со основни функции. Таа за ранливите категории ќе биде бесплатна, а за останатите потрошувачи со разумни трошоци. Пристапот до платежна сметка е првиот чекор до широка финансиска инклузија, односно користење на лепеза финансиски услуги како трансакции, плаќања, кредити, осигурување и слично.

Во однос на пазарната инфраструктура во делот na пристап до капитал, исто така има новости. Имено Македонска берза склучи договор за соработка со друштвото Funderbeam SEE од Хрватска за колективно или групно финансирање, познато во јавноста како краудфандинг. Краудфандингот како идеја и концепт кај нас беше иницирaн на Советот за развој на пазарот на капитал и сега веќе станува реалност. Тој е од исклучително значење за стартапите, или компаниите кои се во ран развој. Тие преку преку ваквата он-лајн платформа добиваат пристап до капитал. Исто така, инвеститорите кои бараат можност за инвестирање во стартапи, добиваат можност да вложуваат преку платформата, но и да тргуваат на секундарен пазар со инвестициите. Трговијата на платформата е заснована на блокчеин технологија, што подразбира дека сите тргувања се сигурни, транспарентни и брзи.

Од сето ова може да заклучам дека вратите за менување на платниот пејзаж во земјава се отворени. Изработена е регулатива, која кога ќе стапи на сила, ќе треба да се спроведе на дело. Односно од страна на компаниите треба да биде препознаена шансата.

На крајот, уште еднаш сакам да се заблагодарам на поканата на Народната банка и на гувернерката Ангеловска-Бежоска да бидам дел од оваа Конференција, а на учесниците да им посакам интересна дискусија.

Благодарам.